Сузана Тнокова Кузмановска

МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ЗА IV ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

2015

Издавач: **Министерство за образование и наука на Република Македонија**

Автор: **Сузана Тнокова Кузмановска**

МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ЗА IV ГОДИНА
(изборен предмет)
гимназиско образование

Лектор: **Верица Тоциновска**

Корица, ликовно-графичко обликување и компјутерска обработка: **Мирко Давидовски**

Рецензентска комисија: **Проф. Живојин Глишиќ**
Снежана Џајковска
Кристијан Христовски

Печати: Графички центар дооел, Скопје

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр. 22-4028/1 од 29.06.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски", Скопје

ТНОКОВА Кузмановска, Сузана
Музичка уметност за IV година гимназиско образование : изборен предмет/ Сузана Тнокова Кузмановска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010. - 96 стр. : илустр. ; 27 см

ISBN 978-608-226-254-3

78(075.3)

COBISS.MK-ID 84267274

„Музиката е откритие, поголемо од сите мудрости на светот“

Л. В. Бетовен

„ Музиката е храна на љубовта“

В. А. Моцарт

ВИВА ЛА МИЗИКА

Michael Praetorius
(1573-1621)



Канон е наједноставната форма на повеќегласно пеење каде што една иста мелодија ја имитираат повеќе гласови (два, три , четири) но почнуваат во различно време.



Задача:
Воочи ги елементите на вокалната музика !

ТЕШКОТО

О тешкото! Зурли штом диво ќе писнат,
штом тапан ќе грмне со подземен екот -
во градиве зошто жал лута ме стиска,
во очиве зошто навира река
и зошто ми иде да плачам ко дете,
да превијам раце, да прекријам лик -
та гризам јас усни, стегам срце клето,
да не пушти вик.

Блаже Конески

Орото се исполнува со зурли и тапани и започнува во многу бавно темпо, а играорците рацете ги држат спуштени надолу и фатени за раце. Кон средината на орото рацете се свиткани во лактите, а темпото постепено се забрзува. Кон крајот на орото ороводецот се качува на тапанот, го забришува лицето на тапанџијата, а потоа го предава шамичето така што секој играорец за миг е ороводец, го прима марамчето, го води орото и го предава на следниот, сè така додека сите не се изредат.

Задача:
Која е улогата на тапанот во „Тешкото“?

МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

(ВИОЛИНА, ВИОЛА ВИОЛОНЧЕЛО, КОНТРАБАС)

ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ЛИМЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

УДАРНИ ИНСТРУМЕНТИ
СО ОПРЕДЕЛЕНА И НЕОПРЕДЕЛЕНА ВИСИНА НА ТОНОТ

ИНСТРУМЕНТИ СО КЛАВИШИ
КЛАВИР
ПИЈАНИНО

ПОДЕЛБА НА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ГУДАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ
(ВИОЛИНА, ВИОЛА ВИОЛОНЧЕЛО, КОНТРАБАС)

ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ДРВЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ЛИМЕНИ ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

ИНСТРУМЕНТИ СО КЛАВИШИ
КЛАВИР, ПИЈАНИНО

УДАРНИ ИНСТРУМЕНТИ
СО ОПРЕДЕЛЕНА И НЕОПРЕДЕЛЕНА ВИСИНА НА ТОНОТ

ДРАГАН ШУПЛЕВСКИ (1933 – 2001)

Драган Шуплевски е македонски хорски диригент, педагог и композитор. Својата музичка кариера ја започнал во својот роден град Скопје. Уште како ученик покажува голем интерес за хорското диригирање. Тој станал првиот диригент на „Детскиот радиохор“ при Радио Скопје, како и корепетитор на Радиохорот при истата институција. Во 1968 година Шуплевски го презема диригентското место се до 1990 година. Завршил музичка академија во Белград. Со музичка педагогија почнал да се занимава во 1960 година, кога станал професор во Средното музичко училиште во Скопје. Истата година бил оформен Академскиот хор „Мирче Ацев“ чиј прв диригент бил Драган Шуплевски. Тој работел и како музички уредник во Редакцијата за музика при Радио Скопје, професор по хорско диригирање, познавање на хорска литература и хорско пеење на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Како композитор, Драган Шуплевски бил свртен кон изворната народна песна, но неизостанува и оригиналната творечка инспирација која најчесто е во македонскиот народен дух. Во неговиот творечки опус се наоѓаат над 80 наслови на хорски дела обработени за различни хорски состави, повеќе од 20 наслови на оригинални хорски дела и 3 каприча за виолина и клавир. Вонредниот труд што Драган Шуплевски го вложил во работата со хоровите што ги водел, му донесле големи успеси и високи признанија, кои што ја потврдуваат неговата висока хорска и диригентска култура, диригентскиот гест и смисла за создавање на концертен репертоар, кде што никогаш не го заборавил творештвото на македонските композитори.

МАКЕДОНСКО КАПРИЧО

Драган Шуплевски

Задача:
Воочи ги разликите во изведбата на двата ансамбли!

ГЕОРГ ФРИДРИХ ХЕНДЛ (1685 – 1759)

Георг Фридрих Хрндл е роден во Хале, Германија. Во 1703 година бил назначен како виолинист – композитор на Хамбуршката германска опера. Во 1706 година тој престојувал во Италија со цел да ја проучува италијанска музика.

По четири години се вратил во Хановер и набрзо бил назначен како капел – мајстор на германскиот принц. Имал голема желба да престојува во Лондон, па во 1712 гоидина отпатувал за Англија. Во следните две години тој го свртел вниманието на целиот кралски круг. Додека престојувал во Лондон тој се посветил на компонирање на италијански опери, но неговите опери доживеале неуспех и негативни критики. Хендл разочаран од неуспехот на неговите опери, се откажува од компонирањето, но само од оперите и се посветува на компонирање ораториуми. Меѓу неговите многу успешни ораториуми се издвојува ораториумот „Месија“ со познатата арија „Алелуја“.

Покрај ораториуми и опери, тој пишувал и псалми, химни, мотети, кантати и двете свити за камерни состави „Музика за огномет“ и „Музика на вода“ кои претставуваат врв на неговото творештво.

СВИТА - МУЗИКА ЗА ОГНОМЕТ
(слушање музика)



Задача:

Кои инстументи се застапени во свитата „Музика за огномет“ – Г. Хендел?

КАРЛ ОРФ (1895 – 1982)

Карл Орф е роден на 10-ти јули, во Минхен, Германија.

Неговата мајка Паула била талентирана пијанистка. Орфовиот интерес кон театарот, кој траел се до крајот на неговиот живот, започнал во неговото детство, по една претстава со марионети.

По посетата на оваа претстава, подготвувал свои претстави со марионети, придружени со драматична музика, вклучувајќи и грмотевици, предизвикани од печка од неговата кујна. Во 1912 година веќе имал објавено неколку песни и имал напишано опера, па се запишал на Акамдемијата за Музика во Минхен. Иако сакал да дипломира, набргу го загубил трпението за академски пристап кон музиката. Тој сметал дека музиката треба да задоволува во најширока смисла, да биде добра за здравјето. Две работи особено го интересирале и влијаеле на неговата работа. Едната била улогата на музиката во едукцијата и физичката рекреација. Другата е улогата на музиката како забавувач, токму како во антикчките грчки и римски драми.

„Кармина Бурана“ е првиот дел од трилогијата на кантати наречени „Триумф“ напишани врз латински тектови. Другите два дела се наречени „Кармина Катули“ и „Триумфот на Афродита“.

Преку „Orff Schulwerk“ започна Орфовата работа со деца. Целта на програмата била да се научи нова врска помеѓу музиката и движењето. Орф верувал дека може кај децата да ја поттикне музичката способност, со охрабрување при користењето на прости жичани инструменти. Денеска тој метод е прифатен во многу држави.

За оние на кои им е тешко да уживаат, или да ја разберат музиката во 20 век можеби треба да слушнат едно од делата на Карл Орф на пример „Кармина Бурана“. Карактеристично за неговата музика е тоа што се користи со музика од минатото. Неговите мелодии и хармонии се основни и едноставни а се поддржани со страствен и свеж ритам.Повеќето негови дела се напишани како сценски дела, исполнети со акција и спектакл, за да го привлече вниманието.Тоа е музика со масовна прилвлечност.

Карл Орф починал во Минхен на 26 Март, 1982.

Иако е многу влијателен композитор на 20 век, сепак неговиот најголем успех и влијание се најзначајни на полето на педагошката дејност. Во раните 20ти години од минатиот век, Орф работел со Мари Вигман. Орф се фокусира на едукација преку ударни инструменти. Во 1924, Орф му се придружил на Дорте Гантер и заедно отвориле школа за гимнастика, танцување и музика. Орф верувал дека музиката, движењето и говорот не се одвоени сами за себе, туку формираат единство кое тој го нарекол елементарна музика. Кога тој велел: „елементарна музика“, мислел на музика создадена од деца, за која не треба специјален тренинг. Со други зборови, она што децата можат да го направат без многу да размислуваат за тоа. Базата на Орфовиот метод е верувањето дека историскиот развој на музиката се рефлектира во животот на секоја индивидуа. Ова значи дека, кога детето е мало, тоа е исто што и примитивен човек – барем музички – и двајцата се наивни и се потпираат на природни ритми и движења за да направат музика. Иако овој метод не е прифатен од повеќето професори по музика, тој тогаш бил толку импресивен за публиката, што Министерството за Култура дозволило да се прават Гантер-Орф експерименти во основните училишта во Берлин. За жал, доаѓањето на Хитлер на власт и почетокот на Втората светска војна, ги замрело овие планови.

ПОДЕЛБА НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

Детските музички инструменти уште се нарекуваат „Орфов инструментариум“. Всушност овој термин се однесува на групата инструменти кои се користат во музичкото воспитание на децата. Овој состав на инструменти прв го употребил Карл Орф, кој што за своето популарно дело „Школско дело“, барал да се изработат повеќе едноставни детски инструменти. Бидејќи станува збор речиси за исклучиво ударни инструменти, мелодискиот дел не е доволно снажен во однос на звучната моќ на целиот ансамбл. Затоа ДМИ најуспешно звучат во комбинација со пеење.

РИТМИЧКИ

ТРОПАЛКИ
ТРИАНГЛ
ЧИНЕЛИ
СТАПЧИЊА
ДАЈРЕ
БАРАБАНЧЕ

МЕЛОДИСКИ

КСИЛОФОН
МЕТАЛОФОН
ЗВОНЧИЊА
БЛОК ФЛЕЈТА

СВЕЧЕН МАРШ

непознат автор



Caverns of the Heart

Fred Nachbaur

Am — Moderato (♩ =110) — Am — Am/C — Dm — Esus

Harps

Echo FX

Violins

Violas

Space Vox

Bass

Am — Dm — Esus — Dm — C — E7 — Am — E7 — Emaj7 — E7 — E7m9

Задача:
Воочи ги разликите на партитурата за детски инструментсариум и партитурата за симфониски оркестар!

„ДЕТСКА ИГРА“

Композитор: Карл Орф



Задача:
Отсвири ја комозицијата со детски музички инструменти!

СВИРИМЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ





Задача:
Отсвири ги вежбите со детски музички инструменти!

ГОЛЕМ МЕРАК ИМАМ МАМО

Народна песна инспирирана од НОВ



III

Тамо ќе си најдам мамо
мојте верни браќа,
мојте верни браќа, мамо,
мојте верни сестри.

II

И јас ќе се борам мамо
за Македонија,
за Македонија, мамо,
земја измачена.

IV

Прва пушка пукна, мамо
мене ме погоди,
мене ме погоди, мамо
на левата страна,
на левата страна, мамо,
близу до срцето.

МАКЕДОНСКИ КОМПОЗИТОРИ

Трајко Прокопиев

Тодор Скаловски

Стефан Гајдов

Михајло Николовски

Властимир Николовски

Драган Шуплевски

Тома Прошев

Томе Манчев

Димитрије Бужаровски

Стојан Стојков

Живоин Глишиќ

Гоце Коларовски

ТОДОР СКАЛОВСКИ (1909 – 2004)

Тодор Скаловски е роден 1909 година во Тетово. Се школувал пред почетокот на втората светска војна и работел како наставник по музика. За време на војната активно работи како диригент во Скопје и Битола. По ослободувањето се вклучува во формирањето на симфонискиот оркестар операта и македонската филхармонија. Неговиот творечки опус опфаќа голем број оркестарски, вокални, вокално-инструментални дела. Македонската музика, во личноста на Тодор Скаловски има уметник кој успешно работи не само како композитор, туку и како хорски и оркестарски диригент и одличен организатор на музичкиот живот. Неговиот опус располага со голем број хорски композиции, кои се од огромна важност за хорскиот живот во Македонија. Во позрелиот период од неговото творештво, Скаловски ја создал својата најпопуларна хорска композиција „Македонско оро“. Оваа композиција допира до психологијата на македонското национално поднебје и го опфаќа во целост богатството на македонскиот музички фолклор. Длабоко продира во душата на својот народ, доловувајќи го притоа бунтовниот ритам на македонското оро „Тешкото“. Други негови хорски композиции се: „Македонска хумореска“, „Песна за Гоце“, „Битолка“, „Македонски диптих“, „Тодорка млада робинка“. Тој е композитор на песни за детски хорови и тоа: „Пионерско катче“, „Зика“, „Мачорот Влатко“, „Елко, елко порасни“ и други.

МАКЕДОНСКО ОРО

Тодор Скаловски

ВОВЕД

Ај! Ај! Ај!

а

Ајде о – ро, ај–де о–ро, ај–де о–ро, ај!

Ајде оро од крај село
Цело село тамо тропа, лесно оро,
лесно женско,
Лесно оро Јана вие,
Второ оро Стојан вие
тешкото, машкото.

Тешко оро тамо тропа
Лесно женско оро вие, ајде
Јано, севдо, ајде де, оф,
Калеш јагне галено, Јано.

а₁

Од крај се – ло та–пан би – е,

Од крај село, тапан бие:
Румба, румба, румба ба
Ајде оро од крај село,
Цело село тамо тропа,
Лесно женско Јана вие,
Второ оро тешко, машко
Стојан вие.

Румба, румба (баси)

b

Јас за те – бе ду-шо севдо, Сто – јане, ар – слане за

Јас за тебе оро вијам,
Стојане, севдо, ле!

b₁

Оро вие, оро тропа.
Стојан вика, Јана рипа, оро.

СЕРГЕЈ СЕРГЕЕВИЧ ПРОКОФЈЕВ (1891 – 1953)

Сергеј Сергеевич Прокофјев е руски композитор, пијанист, иноватор, едноставно кажано уметник со огромна дарба. Со своите композиции ој ја збогатил рускатаи светската музичка литература. За себе вели дека од раното детствопочнал да пишува музика. Откако мајка му го забележала неговиот интерес за музиката, почнала да го подучува да свири клавир.

Веќе на 13 години бил подготвен да полага приемен испит на „Петроратскиот Конзерваториум“. Станал студент во класата на проф. Љадов, композиција учел кај Николај Римски Корсаков, а свирење клавир кај познатата клавиристка Есипова. Бил добитник на првата награда на конкурсот „Рубинштајн“ во 1914 година и по завршувањето на Конзерваториумот , заминал за Лондон. Престојот во странските земји се забележува во неговото творештво, кое обилува со модерни тенденции. Имал големо чувство за хумор, што се забележува во неговата музичка приказна „Петре и волкот“ за рецитатори и симфониски оркестар. Врвно достигнување во неговото творештво епретставува операта „Војна и мир“, со сиже од романот на бесмртниот Лав Николаевич Толстој.

Во неговото творештво се вбројуваат:„Балетски свити“, „Железен чекор“, „Ромео и Јулија“, „Пепелашка“, „Изгубен син“, „Приказна за камениот цвет“. Напишал 7 симфонии, 5 клавирски концерти, 2 виолински концерта, скерцо за 2 фагота, а во неговиот оперски опус спаѓаат следниве опери: „Огнениот ангел“, „Вљубен во три портокали“ и „Војна и мир“.

За најмладите компонирал многу интересни и духовити музички приказни, како што е „Петре и волкот“, во кој животните се претставени со различни инструменти.

Во 1936 година Сергеј Прокофјев е ангажиран од страна на Наталија Сац и Централниот детски театар во Москва, да напише нова музички симфонија за деца.

Намерата им била да ги култивираат „музички вкусови кај децата уште од првите години на училиште“. Заинтригиран од поканата, Прокофјев, композицијата Петар и волкот ја напишал само за четири дена. Дебито било на 2 мај 1936 год. но не било успешно и не да привлекло многу внимание, што не е случај денес.

Секој лик од расказот е опишан со инструмент и музичка тема, или лајтмотив:

* Птица: флејта
* Патка: обоа
* Мачка: кларинет
* Дедо: фагот
* Волкот: Француски рогови
* Ловци: тема дувачки инструменти, вистрели со тимпани и бас тапан
* Петар: гудачки инструменти

„Петре и волкот“

Петар е мал пионер, кој отишол да го посети дедо му кој живее во шумата. Еден ден тој излегол да прошета низ шума оставајќи ја вратата отворена од градината, а патката, која била во дворот ја искористила можноста да избега и отишла до блиското езерце. Таму почнала да се расправа со птиците кои ги сретнала: „Каков вид птици сте ако не можете да летате?“ - „Каков вид птици сте ако не можете да пливате?“.

Дедо му го прекорил Петар затоа што сам излегол во шумата. „Што ако му излезе волк? прашувал дедо му, а Петар одговорил дека „Пионери не се плашат од волци“. Тогаш дедо му го вратил назад во куќата и ја заклучил вратата од градината. Набргу потоа, „голем, сив волк“ навистина излегол од шумата. Мачката брзо се искачила на дрвото, а патката, вознемирена скокнала надвор од езерцето и се растрчала лево- десно.

Пионерот Петар зел јаже и се искачил на едно дрво. И рекол на птицата да лета над главата на волкот за да го сврти неговото внимание, а тој со јамката од јажето го фатил за опашката. Волкот се борел, но Петар го победил и го обесил за опашот на дрвото.

Се слушнале истрели од ловци кои го бркале волкот, но Петар не сакал ловците да го убијат, туку сакал да му помогне и да го однесе во зоолошка градина.

Задача:
Кои инструменти ги имитираат животните во композицијата „Петар и волкот“?

ДАФИНА БОЛНА ЛЕГНАЛА

Народна песна
Обработка: Звонимир Атанасов



Задача:
Отсвири ја песната со детски музички инструменти!

ЗВУК

Сето она што можеме да го препознаеме со помош на сетилото за слух се нарекува звук.

Постојат неопределени (неартикулирани) и определени (артикулирани) звуци. Меѓу неопределените звуци се вбројуваат: шумовите, тропањето, шкрипењето, грмењето итн., а меѓу определените звуци се вбројуваат: звукот на ѕвоната, свирките, човечкиот глас (пеењето) и сл. Звуците со определена висина се употребуваат во музиката и се наречени музички тонови.

ТОН

Тонот е звук кој што има определена висина, јачина, траење и боја. Тоа се четирите главни карактеристики на тонот. Секој тон има свое име. Тоновите се именувани со помош на седум букви од латиницата и тоа: **c, d, e, f, g, a, h ,** но тие имаат и солмизациони имиња и тоа: до, ре, ми, фа, сол, ла, си.

Латинските имиња на тоновите се користат во музичката теорија, додека солмизационите имиња се користат во музичката пракса (при солфежирање).

Постојат два начина на именување на тоновите: **солмизациско** и **абецедно**.

СОЛМИЗАЦИСКО

(аретинско) именување на тоновите

АБЕЦЕДНО

(латинско) именување на тоновите



ЛИНИСКИ СИСТЕМ

Линискиот систем се состои од пет хоризонтални линии и четири празнини помеѓу линиите.

Тој уште се нарекува петтолиние. Петтолинието служи за запишување на нотите.

Линискиот систем или петтолинието овозможува запишување само на единаесет тонови, но тоа може да биде проширено со помошни цртички, кои можат да бидат напишани под петтолинието или над него.







На почетокот на секое петтолиние се бележи знак кој се нарекува клуч, кој ни помага да го одредиме името на нотата запишана во петтолинието. Во денешната музичка пракса се употребуваат неколку видови клучеви, но најчесто се користи G-клуч (или виолински клуч) и F- клуч (или бас клуч).

ВИОЛИНСКИ КЛУЧ (G – клуч)

Виолинскиот клуч се користи за бележење на високите тонови. Ако на почетокот на петтолинието е запишан виолински клуч, нотата која е запишана на втората линија од петтолинието го добива името **g**. Според тоа, нотата која е запишана на втората празнина од петтолинието е нотата **a**, а нотата запишана на првата празнина од петтолинието е нотата **f** итн.



БАС КЛУЧ (F – клуч)

Бас клучот се користи за бележење на длабоките тонови. Ако на почетокот на петтолинието е запишан бас клуч, нотата која е запишана на четвртата линија од петтолинието го добива името **f**. Бидејќи знаеме дека после нотата **f** следува нотата **g**, таа ќе биде запишана на четвртата празнина, а пак нотата е ќе биде запишана на третата празнина од петтолинието итн.



НОТИ

Секој тон може да се запише. Знаковите со кои се запишуваат тоновите се нарекуваа ноти. Нотите имаат **нотна глава**, на која се додава **нотен врат** и едно или повеќе **бајрачиња**.

Тоновите во мелодиите можат да бидат различни по траење.

Положбата на нотите во линискиот систем ја означува висината на тонот, а со различните форми на нотите се одредува траењето на тоновите.

цела нота = четири удари

половина нота = два удари

четвртина нота = еден удар

осмина нота = половина удар

шеснаестина нота = четвртина удар

ПАУЗИ

Знаците со кои се бележи привремениот прекин на тонската изведба се нарекуваат паузи. Паузите, исто како и нотите се делат според нивните вредности односно според траењето.



цела пауза = четири удари



половина пауза = два удари



четвртина пауза = еден удар



осмина пауза = половина удар



шеснаестина пауза = четвртина удар

ТОНСКИ СИСТЕМ

Низа од седум тонови по ред, од најдлабокиот до највисокиот се нарекува тонски систем. Во тонскиот систем припаѓаат сите тонови кои што се користат во музичката пракса. Тонскиот или нотниот систем, поделен е на групи од по седум именувани тонови, различни по висина кои се нарекуваат октави.

Секоја октава има свое име: субконтра, контра, голема, мала, прва, втора, трета, четврта и петта.





ЗНАЦИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА НОТНАТА ВРЕДНОСТ

Нотните вредности можат да се продолжат со: ТОЧКА, ЛАК и КОРОНА

Продолжување на нотната вредност со точка

Кога покрај нотната глава, од десната страна ќе напишеме точка, тогаш траењето на нотата се продолжува за половина од нејзиното траење.

Половината нота со точка трае три удари

Продолжување на нотната вредност со лак

Нотните вредности може да бидат продолжени и со лак:

Се поврзуваат ноти со исто име, а траењето на првата нота се продолжува со траењето на втората нота.

Продолжување на нотната вредност со корона

Короната ја продолжува трајноста на нотата приближно двојно од нејзината.



МЕТАР

Наизменичното појавување на нагласени и ненагласени тонови се нарекува музички метар. Музичкиот метар може да биде различен по бројот на своите делови: дводелен, троделен, четвороделен итн.

ТАКТ

Такт е најмалиот дел од една музичка композиција, која е метрички определена. Како дел од тактот, односно како основна единица за броење на времето на тонското траење, може да послужи секоја нотна вредност.

Од фактот дека тактот може да има различен број делови и дека секоја нотна вредност може да послужи како тактов дел, доаѓаме до заклучок дека постојат многу видови тактови. Ако на пример тактот е дводелен, а делот од тактот е четвртина, добиваме двочетвртински такт – 2/4; ако на пример тактот е троделен, а делот од тактот е четвртина, добиваме трочетвртински такт – 3/4; ако на пример тактот е четвороделен, а делот од тактот е четвртина, добиваме четиричетвртински такт – 4/4 итн.



ТАКТОВИ

Горниот број ни покажува со колку нотни вредности ќе броиме во секој такт.



Долниот број ни покажува со каква нотна вредност по траење треба да броиме.

Дводелениот такт се состои од два дела од кои: првиот е нагласен, а вториот ненагласен.

Триделниот такт се состои од три дела од кои: првиот е нагласен , а вториот и третиот се ненагласени .

Четириделениот такт се состои од четири дела од кои: првиот е нагласен , вториот е ненагласен , третиот е нагласен и четвртиот ненагласен .

МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ

ПЕЕМЕ И СВИРИМЕ



Задача:
Испеј ги и отсвири ги вежбите со детски музички инструменти!

ПРИСПИВНА

Јоханес Брамс
(по слух)

Тив-ка мај- ска крас-на ноќ треп-нат ѕвез - ди рој ме-сец

ја-сен вет-рец благ ѕвон -лив сла-док птич - ји пој до-бра ноќ до -бар

сон се́ е тив - ко вон слу-шај зов птич -ји пој спи ми

1. га - ле бе мој ут -ре

2. га - ле - бе мој

Утре штом низ прозор твој
ѕирне сончев зрак, в игри песни
детски смев ќе ти мине денот пак.
Добра ноќ ...

ЗНАК ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

Ако внимателно погледнеме некој печатен нотен текст, особено од инструменталната музика, забележуваме дека во него, покрај ноти, динамички, артикулациски знаци, знаци за темпо, постојат најразлични скратеници и други помошни знаци кои овозможуваат точно и прегледно читање на нотниот текст или служат како пократок начин за бележење.

Помеѓу највообичаените скратеници и другите помошни знаци се вбројува **знакот за повторување** или **репетиција**. Тој означува кој дел од композицијата треба да биде повторен.

Делот од песната обележан со знак за повторување се пее/свири два пати.



Кога во песната или вежбата по повторувањето има различен крај го употребуваме знакот **прима** и **секунда волта**.

При повторувањето на тактовите од знакот за повторување треба да се прескокнат тактовите обележени како **прима волта**, а се пеат/свираат тактовите обележени како **секунда волта**.



СТАРА ФРАНЦУСКА ПЕСНА



ГО ПРАТИЛЕ ДЕДО

Народна песна
Обработка: Звонимир Атанасов
(фрагмент)



Задача:
Обележи го знакот за повторување во композицијата „Стара француска песна“!

C-dur скала

Скалата своето име го добила по почетниот тон **C** (ЦЕ) и се вика **C-dur** скала.





Местото на тоновите во тонската скала се вика **стапало**. Тие се бележат со **римски броеви**.



Растојанието помеѓу две стапала (соседни тонови) се вика **степен**.

Постојат два вида степена: **цел степен** ‿ и **полустепен** ^ .

Цели степени во C-dur скалата се среќаваат помеѓу:
I-II; **II-III**; **IV-V**; **V-VI** и **VI-VII** стапало.

Полустепените во C-dur скалата се среќаваат помеѓу **III-IV** и **VII-VIII** стапало.



C-dur скалата може да се подели на два еднакви дела од по четири тона кои се викаат **тетракорди** (од грчкиот збор тетра-четири и корда-жица). Редоследот на целите степени и полустепените е ист кај двата дела C D E F и G A H C2.

C, **D**, **E** и **F** се нарекува **долен** или **прв тетракорд**

G, **A**, **H** и **C2** се нарекува **горен** или **втор тетракорд**.



МЕЛОДИСКИ ВЕЖБИ









АЈ ДА БЕГАМЕ МОРИ, ВАСЕ

Народна песна





ТЕМПО

Метричкиот и ритмичкиот тек на тоновите во една музичка композиција, ја добиваат својата вистинска и конечна форма кога се сместени во рамките на темпото.

Темпо претставува брзината со која следуваат временските бројни единици, односно деловите од тактот, еден по друг. Тоа е брзина со која изведуваме некоја композиција или поединечни нејзини делови.

Разликуваме три основни темпа: **бавно**, **умерено** и **брзо**, од кои секое има свои нијанси. За бележење на темпото се употребуваат термини или скратеници од италијанскиот јазик.

Основни темпа

- **бавно**
- **умерено**
- **брзо**

Музиката може да биде со иста брзина од почеток до крај, но во некои дела може да има промена во брзината. Таа може да биде со:

Забрзување или **Забавување**

ВИДОВИ ТЕМПА

БАВНИ ТЕМПА

largo – широко
larghetto (ларгето) – помалку широко
lento – бавно
adagio (адаџо) – лесно и сериозно
grave – тешко
sostenuto – развлечено

УМЕРЕНИ ТЕМПА

andante – умерено лесно
andantino – малку побзо од andante
moderato – умерено
allegretto – многу подвижно

БРЗИ ТЕМПА

allegro – брзо
vivace (виваче), vivo – живо
presto – забрзано, пргаво



ДИНАМИКА

Динамика е термин кој што се однесува на односот на тоновите според нивната јачина. За бележење на различните степени на тонската јачина, во музичката пракса вообичаени се термини (изрази) и скратеници од италијанскиот јазик. Во динамиката постојат две основни разлики: **тивко** – **piano** или **p** и **силно** - **forte** или **f**. За бележење на различните степени на тонската јачина се употребуваат следните знаци:

ppp (pianissimo possible)	колку е можно најтивко
pp (pianissimo)	најтивко
p (piano)	тивко
mp (mezzopiano)	умерено тивко
mf (mezzoforte)	умерено силно
f (forte)	силно
ff (fortissimo)	најсилно
fff (fortissimo possible)	колку е можно најсилно

КРЕШЕНДО И ДЕКРЕШЕНДО

За бележење на постепениот премин од тивко кон силно, се користи терминот **crescendo** или **cresc.**(крешендо).



За бележење на постепениот премин од силно кон тивко, се користи терминот **decrescendo** или **decresc.** (декрешендо).



Карамфило фил фило

(по слух)

Народна



Задача:
Отпеј ја народната песна по слух со примена на динамика!

БИТОЛА МОЈ РОДЕН КРАЈ

народна песна



I
Битола, мој роден крај, во тебе су роден
Мене си ми мил

Рефрен:
Битола, мој роден крај,
Јас те сакам, за тебе пеам.
Битола, мој роден крај,
Јас те сакам, од срце, знај.

II
Ај, роден крај, кој би можел
Збогум да ти рече, да не заплаче.

Рефрен:
Битола, мој роден крај,
Јас те сакам, за тебе пеам.
Битола, мој роден крај,
Јас те сакам, од срце, знај.

III
Многу градови, села прајдов,
Како тебе Битола, нигде не најдов.

Рефрен:
Битола, мој роден крај,
Јас те сакам, за тебе пеам.
Битола, мој роден крај,
Јас те сакам, од срце, знај.

ОД БИТОЛА ПОЈДОВ

(народна)

Од Прилепа појдов,
Во Велеса дојдов,
Велешките моми,
Сите се грнчарки
Битола гене бабам Битола.

Од Велеса појдов,
Во Скопје си дојдов,
Скопските моми,
Сите се брашнарки,
Битола гене бабам Битола.

Задача:
Пронајди песна во која е опеан твојот роден град во македонската фолклорна ризница!

СИНКОПА

Синкопа е неправилна ритмичка фигура која се создава при поврзувањето на нагласено и ненагласено време, а при поврзувањето доаѓа до преоѓање на акцентот од нагласеното на ненагласеното време.



КОНТРАТАН

Контратан е ритмичка фигура која се појавува кога неколку тактови по ред, започнуваат со пауза.

Правилен контратан е кога по паузата следи една нота со иста вредност како паузата.



Неправилен контратан е кога по паузата следат две ноти со иста вредност како паузата.

ТРИОЛА

Веќе споменавме дека секоја подолга нотна вредност, нормално можеме да ја поделиме на 2, 4, 8, 16 ... помали вредности. Често подолгите нотни вредности се делат и на 3, 5, 6, 7 ... помали нотни вредности. Во тој случај добиваме неправилни тонски групи. Меѓу таквите групи се вбројува и триолата. Триола се создава кога нотната времност, наместо на два, ја делиме на три еднакви делови.

МУЗИЧКИ ПРИМЕРИ СО ПРИМЕНА НА СИНКОПА, КОНТРАТАН И ТРИОЛА

Синкопа

Швајцарска народна



Контратан



Триола

МАСУРИЧКО - народна



Задача:
Пронајди ги ритмичките елементи синкопа, контратан и триола во музичките примери!

ОРЛАНДО ДИ ЛАСО (1532 – 1594)

Орландо Ди Ласо е Франко-фламански композитор од периодот на доцната ренесанса.

Заедно со Палестрина тој денес се смета за главен претставник на зрелиот полифонен стил на Франко-фламанската школа и бил најпознатиот музичар во Европа кон крајот на 16 век.

Роден е во Монс, денешна Белгија. Според кажувањата, тој бил три пати киднапиран поради својот убав глас. На дванаесетгодишна возраст, заминува во Италија, Мантова, Сицилија и подоцна во Милано. Работел како пејач и композитор во Неапол во раните 1550-ти. Подоцна отпатувал за Рим каде што работел за тамошниот војвода. Во 1533 година станува *Maestro di cappella Basilike di San Giovanni in Laterno* во Рим, многу престижна служба за човек од само 21 година. Подоцна отпатувал во Франција и Англија, за во 1556 година да дојде на дворот ан Баварскиот војвода Албрехт V и таму останал до крајот на животот.

Напишал околу 2000 композиции на латински, француски, италијански и германски јазик, 530 мотети, 175 мадригали, 150 француски шансони и германски песни. Неговото последно дело се смета за едно од неговите најдобри дела: збирката од 21 мадригал позната под насловот „Lagrime di San Pietro" („Солзите на Свети Петар"), кој а била објавена во 1595 година.

Ласо починал во Минхен на 14 јуни 1594 година.

Audite nova!

SATB a cappella

Orlando di Lasso
(1532-1594)

CANTUS (Soprano)
Au - di - te no - - - - va!

ALTUS (Alto)
Au - di - te no - va, au - di - te, au - di - te no - va!

TENOR (Tenor)
Au - di - te, au - di - te no - - va!

BASSUS (Bass)
Au - di - te no - - - va!

Der Bau'r von E - sels - kir - chen der hat ein fei - ste ga - ga Gans, das
Der Bau'r von E - sels - kir - chen der hat ein fei - ste ga - ga Gans, das
Der Bau'r von E - sels - kir - chen der hat ein fei - ste ga - ga Gans, das
Der Bau'r von E - sels - kir - chen der hat ein fei - ste ga - ga Gans, das

gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, das gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, die hat ein lan -
gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, das gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, die hat ein lan -
gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, das gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, die hat ein lan -
gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, das gy - ri gy - ri, ga - ga Gans, die hat ein lan -

Задача:
Воочи ги динамички нијансирања во композицијата !

ИНТЕРВАЛИ

Интервал е растојание по висина помеѓу било кои два тона од скалата или воопшто во мелодијата. Интервалот има два гранични тона: долен и горен. Ако тоновите на интервалот звучат истовремено, тогаш се создава **хармонски интервал**, кој е основа за создавање на хармонијата.

Ако тоновите од интервалот звучат еден по друг, тогаш се создава **мелодиски интервал**, кој е основа за создавање на мелодија.

Прима е интервал кој содржи мелодиско растојание помеѓу два тона на исто стапало. Примата е чист интервал.

Секунда е интервал кој содржи мелодиско растојание помеѓу два соседни тона. Секундата може да биде голема и мала.

Терца е интервал кој содржи мелодиско растојание помеѓу три стапала. Терцата може да биде голема и мала.

Кварта е интервал кој содржи мелодиско растојание помеѓу четири стапала. Квартата може да биде чиста и зголемена.

Квинта е интервал кој содржи мелодиско растојание од пет стапала. Може да биде чиста и намалена.

Секста е интервал што содржи мелодиско растојание помеѓу шест стапала. Може да биде голема и мала.

Септима е интервал што содржи мелодиско растојание помеѓу седум стапала. Може да биде голема и мала.

Октава е интервал што содржи мелодиско растојание помеѓу осум стапала. Октавата е чист интервал.

ХАРМОНИЈА

Хармонија во музиката се нарекува музичкото изразно средство, кое го усогласува односот помеѓу тоновите при нивното истовремено звучење, т.е. акордите кои придружуваат една водечка мелодија

„Месечева соната“, оп. 27 бр.2 став 1

Л. В. Бетовен



АКОРДИ

Истовремено звучење на најмалку три тонови различни по висина се нарекува акорд. Тоновите кај акордите се бележат еден врз друг, односно од долу нагоре. Секој акорд има основен тон. Ако основниот тон се наоѓа во најдлабокиот глас (бас), тој акорд се нарекува основен акорд. Основни акорди се: квинтакорд (трозвук), септакорд (четворозвук), нонакорд (петтозвук) и т.н.

КВИНТАКОРД

Квинтакордот или трозвукот, е акорд кој е составен од : **1**) основен тон, **2**) неговата терца и **3**) неговата квинта.

Со оглед на различните видови на интервалите, квинтакордот може да биде: **1**) голем (дурски), **2**) мал (молски), **3**) намален и **4**) зголемен.

СЕПТАКОРД

Септакордот или четворозвукот е акорд кој е составен од квинтакорд и септима од основниот тон, значи тој е составен од: **1**) основен тон, **2**) неговата терца, **3**) неговата квинта и **4**) неговата септима.

Во зависност од видот на квинтакордот и септимата од кои е составен, септакордот може да биде: **1**) голем дурски, **2**) мал дурски или доминантен, **3**) голем молски, **4**) мал молски, **5**) полунамален, **6**) намален и **7**) зголемен.



ГИТАРА

Гитарата по формата има сличности со гудачките инструменти, иако спаѓа во групата на трзачки жичани инструемнти. Гитарата звукот го произведува со помош на трзање по жиците со прсти или со трзалка. Таа има 6 жици со квартно-терцен систем на штимање (E, A, d, g, h, e1).

Техниката на свирење на гитарата, дозволува истовремено свирење на повеќе тонови. Многу композитори на гитарата и посветиле композиции, но сепак како најголеми виртуози на овој инструмент се истакнале шпанците како што се: Дионисио Гарсија, Франциско Тарега, Мануел де Фаља, а од поновата генерација Пако де Лусија и др. Гитарата е составен дел од мандолинските оркестри.

Акорди во C-dur



Задача:
Отсвири ги на гитара акордите во C-dur скалата.
Со помош на наставникот продолжи да свириш
и во другите скали!

ЏЕЗ МУЗИКА

Луис Армстронг

Арве Хенриксен

Чик Кореа

Стенли Кларк и Лени Вајт

Слушање музика:
Џез композиција по избор на наставникот

Задача:
Открај го музичкиот стил во композицијата!

РОК МУЗИКА

Ролинг Стоунс

Ју Ту

Џон Бон Џови

Аеросмит

Слушање музика:
Рок нумера по избор на наставникот

Задача:
Открај го музичкиот стил во композицијата!

БЛОК ФЛЕЈТА

Блок флејтата е инструмент кој припаѓа на групата на дрвени дувачки инструменти. Таа најчесто се изработува од дрво, поретко од некој друг материјал, но никогаш од метал, како што е случајот со класичната флејта. Блок флејтата е составена од два или три дела, поретко есоставена од еден дел. На предната страна на цевката се наоѓаат 6 или 7 отвори, а на задната страна уште еден, кој се покрива со левиот палец и има важна улога.

Отворите се затвараат со прстите. Блок флејтата била во употреба долг период пред појавата на класичната флејта која го зазела нејзиното место во средновековната музика. После долго мирување по музеите, негде околу 1910 година, блок флејтата повторно се појавува во музичката пракса, во прво време за изведба на стари композиции на оригинални инструменти. Набрзо во Англија, Германија, Швајцарија и во многу други земји, блок флејтата се воведува во музичкото воспитување на децата, затоа што е едноставен за свирење. Во училиштата се формираат ансамбли од блок флејта, често во комбинација со „Орфов инструментариум“, составен од различни видови ударни инструменти.



Затвори ги сите седум отвори и осмиот од долната страна на флејтата и ќе го добиеш тонот ДО.



Крени го малото прсте од десната рака, ќе го добиеш тонот РЕ.

Крени го мрзливецот од десната рака, ќе го довиеш тонот МИ.

Крени го средниот прст од десната рака, ќе го добиеш тонот ФА.



Крени го показалецот на десната рака, ќе го добиеш тонот СОЛ.



Крени го мрзливецот од левата рака, ќе го добиеш тонот ЛА.



Затвори го со показалецот од десната рака првиот отвор, а со палецот долниот отвор, ќе добиеш СИ.



Затвори го вториот отвор со средниот прст од десната рака, а исто така да е затворен и долниот отвор, ќе добиеш тон ДО2.

СВИРИМЕ
ВЕЖБИ ЗА БЛОК ФЛЕЈТА





ЧОВЕЧКИ ГЛАС

Човечкиот глас, ако се сфати како музички инструмент и ако се земат во предвид неговите карактеристики во однос на создавањето на звукот, е најблизок до дувачките инструменти, па затоа тој се вбројува во групата на дувачки инструменти. Човечкиот глас како инструмент, најдобро може да се спореди со оргулите. Сличноста се забележува во следниве факти: а) белите дробови дејствуваат аналогно на оргулскиот мев – собирајќи се, го потиснуваат воздухот кон изворот на звук; б) гласните жици треперат под притисок на воздушниот бран, па во одредена фрекфенција, наизменично го прекинуваат и пропуштаат тој бран, создавајќи звучни бранови; в) празнините над гласните жици имаат улога на резонантно тело, кој го засилува и вообличува создадениот звук. Машките гласови по природа се подлабоки од женските. Во основа разликуваме жест вида гласови, односно во секој род по три и тоа:

ЖЕНСКИ ГЛАСОВИ

СОПРАН

Марија Калас

Мирела Френи

Монсерат Кабаље

Фабиана Браво

МЕЦОСОПРАН

Сесилија Бартоли

Олга Бородина

Мерилин Хорн

Рејина Ресник

АЛТ

Натали Штуцман

Кетлин Фериер

Сара Мингардо

Ернестина Шуман Хајнк

МАШКИ ГЛАСОВИ

ТЕНОР

Луиџи Алва

Андреа Бочели

Хозе Карерас


Енрико Карузо


Марио Дел Монако

Тито Шчипа

БАРИТОН


Пјеро Капучили


Тито Гоби

Роберт Мерил

Владимир Руждјак


Дмитри Хворостовски

Хакан Хагергад

БАС

Феодор Шаљапин

Борис Кристоф

Езио Пинца


Чезаре Сиепи


Мати Салминен

Марти Тарвела

ХОРСКО ПЕЕЊЕ

Хорското пеење е организирана форма на колективно музицирање кое се темели врз високи музичко естетски вредности.

Најраспространета форма на хорско пеење е пеење во **a capella** стил.

ВИДОВИ ХОРСКИ АНСАМБЛИ

ДЕТСКИ ХОР

ЖЕНСКИ ХОР

МАШКИ ХОР

МЕШАН ХОР

Задача:
Слушање хорски композиции:
С. Стојков - „Селска свита“

ЗНАЦИ ЗА ПРОМЕНА НА ВИСИНАТА НА ТОНОТ

Во музиката се користат знаци за промена на тонската висина во правец нагоре и надолу. За таа цел се користат знаците: за повишување (**диез-повишувалка**), за снижување (**бемол-снижувалка**) и за разрешување (**бекар-разрешувалка**).

диез-повишувалка ♯ **бемол-снижувалка** ♭ **бекар-разрешувалка** ♮

ЗА ЕЛИЗА

Л. В. Бетовен



Задача:
Воочи ги знаците за промена на тонската висина

КВИНТНО ТРКАЛО



C-dur = a-moll

♯	Dur	moll	♭	Dur	moll
fis	**G-dur**	**e-moll**	**b**	**F-dur**	**d-moll**
fis-cis	**D-dur**	**h-moll**	**b-es**	**B-dur**	**g-moll**
fis-cis-gis	A-dur	fis-moll	b-es-as	Es-dur	c-moll
fis-cis-gis-dis	E-dur	cis-moll	b-es-as-des	As-dur	f-moll
fis-cis-gis-dis-ais	H-dur	gis-moll	b-es-as-des-ges	Des-dur	b-moll
fis-cis-gis-dis-ais-eis	Fis-dur	dis-moll	b-es-as-des-ges-ces	Ges-dur	es-moll
fis-cis-gis-dis-ais-eis-his	Cis-dur	ais-moll	b-es-as-des-ges-ces-fes	Ces-dur	as-moll

ЈОХАН ШТРАУС (1825 -1899)

Јохан Штраус е роден во 1825 година во Виенското предградие Свети Улрих, како најстар син на музичкиот директор на дворскиот бал Јохан Батист Штраус. Тој бил роден за музика, иако татко му сакал неговиот најстар син да биде банкарски трговец. Како деветнаесетгодишно момче се појавил во јавноста со сопствен оркестар, како впечатлив диригент и композитор на валцери. Во 1867 година изведен е неговиот валцер „На убавиот син Дунав“ кој ќе му донесе светска слава. Неисцрпни се мелодиите, кои му паѓаат на ум при разни прилики. Тој станува „крал на валцерот“. Негови незаборавни валцери се: „Акцелерации“, „Виенски бонбони“, „Животот на уметникот“, „Приказни од Виенската шума“, „Вино, жена и песна“ и многу други. Неговиот севкупен опус опфаќа 479 дела. Напишал 16 сценски дела во периодот од 1871 до 1897 година. Прва негова оперета е „Индиго и четириесетте разбојници“.

Со светска слава се здобиле оперетите „Лилјакот“, „Ноќ во Венеција“ и „Баронот Циганин“. Умира на 74 годишна возраст во 1899 година. Градот Виена од благодарност му подигнал споменик, иако потрајно е она што со неговата музика се всадило во срцата на луѓето.

Виенскиот новогодишен концерт е традиционален концерт на класична музика кој се изведува секоја година на 1-ви јануари во Виена. Местото каде што се одржува концертот се вика *Златна сала*.

Задача:
Слушање познати валцери од Јохан Штраус

БОЖИК

Божиќ е денот на Христовото раѓање според христијанската традиција. Тоа е втор најголем празник во христијанството, по Велигден.

Црквите кои го користат Грегоријанскиот календар, вклучувајќи ги сите католички, протестантски и повеќето православни цркви, го прославуваат на 25 декември. Црквите кои го користат Јулијанскиот календар, го прославуваат Божиќ на 7 јануари.

Со вечерата на денот пред Божиќ (Бадник) завршуваат предбожиќните пости.

БОЖИКНА ПЕСНА

Непознат автор



Задача:
Свириме на детски музички инструменти

ЛУИЏИ БОКЕРИНИ (1743 – 1805)

Луиџи Родолфо Бокерини (19 февруари 1743 – Мадрид, 28 мај 1805) бил италијански композитор и виолончелист. Особено е заслужен за развојот на камерната музика за која напишал голем број композиции.

Во уметничката музика како посебен вид се издвојува камерниот оркестар, составот не е прецизно одреден туку вкупниот број изведувачи се ограничува на 20-25 инструменталци. Музиката која ја изведуваат овие видови оркестри се нарекува **камерна музика**.

Задача:
Слушање музика - виолински квинтет во E- dur оп. 11 бр. 5 од Л. Бокерини

ВЕЛИГДЕН

„Овој ден е што го создаде Господ за да се зарадуваме и да се развеселиме во него“

Денот на воскреснувањето Христово е најголемиот настан во човековата историја. Тоа е аголен камен, темел на верата наша христијанска. Зашто ако Христос не воскреснал, тогаш празна е нашата проповед, празна е и вашата вера (1 Кор. 15, 14). А Христос воскресна и поради тоа - Евангелието стана спасоносна вистина“.

Стоејќи в црква, да се потсетиме дека стоиме во океанот на безусловната љубов и на бескрајната милост на воскреснатиот Господ. Затоа „да застанеме добро“ и да им простиме на сите што нѐ навредиле. Зашто, „кој е во Христа, тој е ново создание; старото помина; ете, сѐ стана ново“ (2 Кор. 5, 17).

Задача:
Напиши есеј на тема „Христос воскресе“

ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ (1909 – 1979)

Трајко Прокопиев е роден во Куманово, како трет син на Манасие и Софија. Првиот инструмент на кој Трајко почнал да свири бил дудукот, а подоцна свирел на флејта. Во 1915 година дошол во Скопје и почнал да ја изучува виолината. Тој бил и одличен пеач, па како ученик пеел во училишните хорови, за подоцна да стане член на пеачкото друштво „Вардар“.

Од 1929 до 1934 година, бил ученик во музичкото училиште во Белград (Србија). Следните неколку години активно работи во Скопје, Куманово и во други градови од тогашното кралство Југославија. За време на Втората светска војна, продолжил со својата музичка активност и во овој период напишал неколку композиции. Во 1944 година станува директор на Музичката гимназија во Скопје. Во 1946 година заминал за Чешка и се запишал на „Прашкиот конзерваториум“. По завршувањето се враќа во Скопје и од 1947 до 1951 година, бил ангажиран како оперски диригент. Периодот кој следува е најплодниот период на овој исклучително значаен македонски композитор. На 20 јануари 1979 година, Трајко Прокопиев ненадејно починал.

Трајко Прокопиев припаѓа на постарата генерација македонски композитори, кои својот музички израз го бараат во негувањето на националниот мелос. Тој своето творештво и го посветува на вокалната музика. Тој е лиричат, мајстор на хорски лирски минијатури, кои се базираат врз фолклорен теметски материјал и на сопствени теми. Пред да ги напише своите најубави хорски дела, Прокопирв работел врз хорски обработки и хармонизации на фолклорни напеви од ризницата на градската народна песна. Неговиот творечки опус опфаќа: музичко сценски дела, хорска музика, музика за филм, инструментална музика.

Во последните години од своето творештво, тој создава две значајни дела: балетот „Лабин и Дојрана“ и операта „Разделба“.

ЛАБИН И ДОЈРАНА

Прв чин

Ноќ...Крај езерскиот брег, рибарите ги прибираат мрежите, готвејќи се весело да одат дома. Од гората се слуша кавалот на младиот овчар Лабин. Привлечени од свирката на Лабин, горските самовили се собираат крај езерото и се веселат заедно со горскиот сатир. Изморени од играта, сестрите самовили, Дојрана, Смилјана и Ѕвездана, ги соблекуваат превезите и се капат во езерото. Лабин скришно ги гледа и им ги грабнува превезите. Исплашени за своите превези, во кои се крие нивната моќ, самовилите го молат да им ги врати, иналу ќе го снајде несреќа. Лабин се вљубува во Дојрана и нежно ја моли да му биде невеста. По жестоката борба, самовилите се принудени да ја жртвуваат својата сестра и така се простуваат од неа. Среќниот Лабин невестата ја води дома.

Втор чин

Празничен ден. Сред село, моми и момци се веселат. Младата питачка бара милостина за својата болна мајка, но еден пијаница ја турка. Лабин и приоѓа и ѝ помага да стане. Дојрана и Лабин се веселат и играат. Одеднаш на собирот доаѓа арамискиот водач Џемо, заедно со неговата дружина. Изненаден од убавината на Дојрана, Џемо нишани со пиштолот во Лабин и ја граба Дојрана. Лабин паѓа ранет.

Трет чин

Во дворот на конакот на Џемо е весело. Џемовата миленичка Селима, игра со другарките. Доаѓаат арамиите водејќи ја Дојрана. Сите се весели и разиграни. Џемо ја тера Дојрана да игра. Дојрана подготвува одмазда. Во мигот кога Џемо сака да ја прегрне, таа го убива со неговиот анџар, а потоа се фрла во езерото, но нејзиниот превез останува закачен за една трска.

Четврти чин

Тешко ранетиот Лабин се довлекува до конакот на Џемо, за да ја спаси својата Дојрана. Случајно го здогледува превезот на Дојрана и приближувајќи се кон трските од брегот на езерото, паѓа во агонија. Во таква тешка психичка состојба, тој ги гледа самовилите, како ја играат својата тажна игра. Лабин гледа како Смилјана и Ѕвездана, ја повикуваат својата сестра Дојрана, која излегува од езерото како русалка. Таа му приоѓа на својот сакан и преку љубовната игра, ја искажува љубовта и верноста. Обичниот човек како Лабин, не може да биде среќен на овој свет со една самовила и затоа Дојрана го повлекува во езерските длабочини.

Задача:
Слушање музика: Свита Дојрана
Какво расположение буди кај тебе оваа композиција?

ТЕХНО МУЗИКА

Почетоците на техно музиката можат да се лоцираат во Детроит, во средината на 80-тите. Во тоа време техното било стриктно електронска музика, додека хаус музиката сè уште имала силна врска со диско музиката од 70-тите.

Кевин Саундерсон, Хуан Еткинс и Дерик Меј се пионерите на овој музички правец. Тие ги потенцирале електронски синтетизираните битови на електро-фанк претставниците како **Afrika Bambataa** и **Kraftwerk**. Во САД техното на почетокот се етаблирало како андерграунд музика, но во Велика Британија станало меинстрим при крајот на 80-тите. Во раните 90-ти техно музиката се поделила на повеќе стилови, како хардкор, амбиент, џангл, а оттогаш се појавиле и голем број варијации (пр. Детроит техно).

Хардкор техно се одликува со огромна брзина (BPM - beats per minute), која била зголемувана до нивоа на границата на човечката издржливост.

Амбиент техно се развивало во спротивна насока, со успорување на битовите. Била користена како чил-аут музика, кога на рејверите и клаберите им требал одмор од есид хаус и хардкор техно.

Џанглот се одржал долго време. Овој стил ги комбинирал класичната техно музика со брејкбитови и реге. Имала и големо влијание врз р'н'б.

Есид техно настанало во почетокот на 90тите под влијание на есид хаусот. Многу музичари кои почнале да прават музика во 90тите ги спојувале нивната музика со звуците од техно музиката, наместо со класичен Чикаго хаус. Претставници на овој правец се Пластикмен и Дејв Кларк.

Прогресив техно е малку поразлично од есид техно. Мелодијата се развива постепено со додавање на нови инструменти, па оттаму доаѓа и името. Многу често е мешањето на овие два стилови, што создава подолго и поинтензивно искуство.

Најпознати претставници


Карл Кокс

Дерик Меј

Кевин Саундерсон

Хуан Аткинс


Пластикмен

Свен Ват

Умек

Џеф Милс

Марко Бејли

Дејв Кларк

ХИП ХОП

Друг вид **Рап** и неговата поврзаност, субкултура на хип-хоп. Овој вид се појавил во Бронкс, област на Њујорк во почетокот на 70-тите.

Произлегува од фанк и џез музиката и е *melorecytacji* на такт, а музичката позадина првично беше формирана од looping и други примероци песни. Рапот главно се фокусира врз секојдневниот живот, социјалните проблеми. Има подвидови на „пола-бави“ текстови. „Златното време на хип-хопот“ се доцните 80-ти и 90- ти, а тоа се должи на такви уметници како Run DMC, NWA, Public Enemy, Grandmaster Flash и Бисти Момци.

Субкултурата на хип-хопот, рапот, исто така, е составен од *B-Boyingu (Breakdance) orza* графити. Дополнителен елемент е *beatbox*. Стилот прифаќа член со лабава облека, кратка коса и чевли, во стилот на „Sneakers“.

ЕЛЕКТРИЧНА ГИТАРА

Од гледна точка на популарната култура, електричната гитара е еден од најважните изуми на XX век. Во 1930 година, кога се појавила, мал број луѓе го увиделе нејзиниот вистински потенцијал.

Било потребно да помине подолг период за да може електричната гитара да го заземе своето место во светот во музиката.

Задача:
Состави есеј за твојот омилемн музички стил!

ПОЗНАТИ ГИТАРИСТИ

Бил Гибсон

Карлос Сантана

Пети Тоунсенд


Дејвид Гилмор

Еди Ван Хален

Ерик Клептон

Џое Сатриани

Стиви Реј Вон

Задача:
Слушање музика по избор на ученикот

СИНТИСАЈЗЕР

Електронските инструменти можат да ги заменат поголемиот број инструменти. Сè започнало од таканаречените ритам машини. Денес се најпопуларни електричните клавијатури кои обично ги нарекуваме **синтисајзер.**

Синтисајзерот (en. Synthesizer) е музички инструмент кој по синтетички пат произведува најразлични звуци. Постојат два вида синтисајзери: аналогни и дигитални.

ПОЗНАТИ ИЗВЕДУВАЧИ


Џое Завнул

Жан Мишел Жар


Питер Габриел



Стиви Вондер

Херби Хенкок

Чик Кореа

Берни Ворел

Задача:
Слушање музика по избор на ученикот

ФИЛМСКА МУЗИКА

НЕМИ И ЗВУЧНИ ФИЛМОВИ

При изведбата на немите филмови, во обид да се развие визуелната монотонија, започнало да се практикува извадба на музика. Тоа не било музика спесијално наменета за филмот, туку било некое музичко дело претходно создадено.

Овие музички дела најчесто се изведувале на пијано, кое било сместено зад платното за проекција во кино салите. Со текот на времето, некои неми филмови почнале да се поврзуваат со музичкото дело, кое често се изведувало како нивна придружба. Не постоело некое правило која композиција ќе биде придружба за некој филм, иако постоеле мелодии кои многу често се користеле при проекцијата на некој филм.

Уште од првите звучни филмови, станало практика во тонскиот дел на филмот да се вметнува музика. Во почетокот, праксата за користење на музика била иста како и кај немите филмови, па се вметнувале произволно избрани мелодии, за подоцна да се почне со компонирање на музика наменета за конкретен филм, музика која ќе одговара на содржината и идејата на филмот. Денес филмската музика има исто значење како и визуелниот дел од филмот и е во совршена хармонија со него. Како композитори на филмска музика можеме да ги споменеме: Кол Потер, Ерик Сера, Енио Мориконе и др.

МУЗИКА ЗА ЦРТАНИ ФИЛМОВИ

Првиот звучен цртан филм е десетминутниот филм „Мики Маус“ од Волт Дизни, снимен во 1928 година, едвај една година по прикажувањето на првиот звучен игран филм „Џез пејачот“. Волт Дизни со своите соработници, подоцна направил повеќе долгометражни цртани филмови: „Снежана и седумте џуџиња“, „Дамбо“, „Фантазија“, „Пинокио“, „Лудите симфонии“ и др. Во сите овие цртани филмови, делови од музиката биле претходно напишани, а дел е напишана специјално за цртаните филмови. Во серијата цртани филмови со Том и Џери, нема многу специјално компонирана музика, но во нив постои изобилство на фрагменти од најпознати дела од светската класика: валцерите на Јохан Штраус (помладиот), „Револуционерна етида“ од Фредерик Шопен, музика од Јохан Себастијан Бах, Јоханес Брамс, Лудвиг ван Бетовен, Волфганг Амадеус Моцарт и др. Најпознати композитори во областа на музиката за цртан филм се: Кол Потер, Сидни Бекет, Ерик Сера, Елтон Џон, Бернард Херман, Габриел Јард, Хенри Манцини (Пинк Пантер) и Скот Бредли.

Задача: Слушање филмска музика.

ЗАНИМЛИВОСТИ

ХЕНРИ ПЕРСЛ

Кога зборуваме за композиторите на класична музика, многу често забораваме дека и тие биле само обични луѓе од крв и од месо. Иако на полето на музиката биле ненадминливи, кога станува збор за љубовта, имале исти случувања како и ние денес. Некои имале повеќе, а некои помалку среќа во љубовта. Најверојатно најмалку среќа во љубовта имал англискиот композитор Хенри Персл. Една ноќ, заради неговото задоцнување, жена му не сакала да го пушти дома цела ноќ. Времето било многу лошо. Несреќниот Персл тешко се разболел и по неколку недели умрел, иако имал само 36 години.

ЛУДВИГ ВАН БЕТОВЕН

Иако имал рошаво лице и решиси секогаш бушава проседа коса, Бетовен бил фатален за женскиот род. Флертувал скоро со секоја убава девојка која ќе ја сретнел на улица. Имал многубројни љубовни врски и бил заљубен во секоја од тие девојки, а ниту пак тие не биле рамнодушни кон него. Сè започнало кога имал само 14 години. Се вљубил во Елеонора фон Бројнинг, 12-годишно девојче кое му читало поезија. „Месечевата соната“ ја посветил на својата бесмртна љубов, Џулијета Гичарди. Воопшто не му пречело да биде во љубовна врска со омажени или зафатени жени. Така, еднаш додека се шетал, здогледал убава девојка, која била метреса на некој странски кнез. Не му требало многу време за да ја освои. Само после половина час биле заедно во неговиот апартман, а неговиот тогашен ученик имал за задача да им обезбеди музичка придружба на клавир.

ВОЗЕЊЕ НА ЕДНО ТРКАЛО

Познато е дека големиот виолинист Николо Паганини бил вистински виртуоз. Многу често на своите концерти, ја воодушевувал публиката, изведувајќи најразлични трикови на виолина. Меѓу другото, тој знаел да отсвири цел еден виолински концерт само на една жица. Во една прилика, после еден негов многу успешен концерт во Милано, побарал кочија, со која би отишол дома. Кога го запрашал кочијашот колку ќе го чини возењето, кочијашот му одговорил: -„За вас маестро, 20 лири“.

Паганини бил збунет и запрашал, зошто возењето е толку скапо, а на тоа, кочијашот му одговорил: -„Затоа што толку ме чинеше билетот за вашиот концерт, а вие цело време свиревте само на една жица“.

Тогаш Паганини му одговорил: -„Нема проблем. Ќе ви го платам возењето 20 лири, под услов да ме однесеш дома возејќи само на едно тркало“.

РАСЕАНИОТ КОМПОЗИТОР

Александар Бородин, покрај тоа што бил професор, хемичар, доктор и генерал во руската армија, стекнал светска слава како еден од најпознатите руски композитори. Како успевал да компонмира покрај сите негови обврски, не се знае се до денес, меѓутоа се знае дека бил многу расеан човек. Во една прилика, кога патувал во странство, цариникот на граница го прашал за името на неговата сопруга, која малку пред тоа излегла од автомобилот. Во моментот Бородин се збунил и воопшто не можел да се сети на името на својата сопруга. Почнал нервозно да поткашлува, а цариникот станувал се понервозен и налутено го запрашал: -Што терба ова да значи? Намојте да ми кажете дека не знаете како ви се вика сопругата? За да ја смири целата ситуација, Бородин го кажал името кое најпрво му паднало на памет, но цариникот и понатаму го гледал со сомневање. Во тој момент се појавила госпоѓа Бородин. Среќен, расеаниот композитор и се обратил: -Катја, о драга Катја, кажи ми го брзо своето име!

СОДРЖИНА

Вовед 3
Вива ла музика 5
Тешкото 6
Музички инструменти 8
Поделба на музичките инструменти 9
Драган Шуплевски 10
Македонско каприччо 11
Георг Фридрих Хендел 12
Свита - Музика за огномет 13
Карл Орф 14
Поделба на детски музички инструменти . . . 16
Свечен марш 17
Caverns of the Heart 18
Детска игра 19
Свириме на детски музички инструменти . . 20
Голем мерак имам мамо 21
Македонски композитори 22
Тодор Скаловски 24
Македонско оро 25
Сергеј Сергеевич Прокофјев 26
Петре и волкот 27
Дафина болна легнала 28
Звук 29
Тон 30
Линиски систем 31
Виолински клуч 32
Бас клуч 32
Ноти 33
Тонски систем 34
Знаци за продолжување на
нотната вредност 35
Метар 36
Такт 36
Тактови 37
Мелодиски вежби 38
Приспивна 39
Знак за повторување 40
Стара француска песна 41
Го пратиле дедо 41
C – dur скала 42
Мелодиски вежби 44
Ај да бегаме мори, Васе 45
Темпо 46
Видови темпа 47
Динамика 48
Крешендо и декрешендо 49
Битола мој роден крај 50
Од Битола појдов 51
Синкопа 52
Контратан 52
Триола 52
Музички примери со примери на синкопа,
контратан и триола 53
Орландо ди Ласо 54
Audite nova! 55
Интервали 56
Хармонија 57
Акорди 58
Гитара 59
Џез музика 60
Рок музика 61
Блок флејта 62
Свириме – Вежби за блок флејта 65
Човечки глас 66
Хорскко пеење 68
Знаци за промена на висината на тонот 70
Квинтно тркало 71
Јохан Штраус 72
Божик 74
Божикна песна 75
Луиџи Бокерини 76
Велигден 77
Трајко Прокопиев 78
Лабин и Дојрана 79
Техно музика 80
Хип хоп 82
Електрична гитара 83
Познати гитаристи 84
Синтисајзер 85
Познати изведувачи 86
Филмска музика 87
Занимливости 89